РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-628/6

20.01. 2022 год.-viti
Скопје - Shkup

| | |
|---|---|
| **РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | **REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT** |
| **АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ** | **AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË** |
| **ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ** | **BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË** |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 23 седница одржана на 19.10.2021 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Бизнис администрација", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" Штип**

1. Се акредитира студиската програма „Бизнис администрација", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер по Бизнис амдинистрација /во меѓународен промет академски студии назив: Master of science in buisniss administration.

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки
Научно – истражувачко поле: 506 Организациони науки и управување (менаџмент), 509 Јавна управа и администрација
Научно – истражувачка област:50600 Наука за организација, 50602 Менаџмент на системи 50608 Маркетинг менаџмент, 50613 Деловно комуницирање, 50615 Менаџмент во администрација 50622 Управување со човечки ресурси , 50623 Претприемништво , 50624 Друго, 50902 Јавна управа.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 60 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

**Образложение**

По предходно донесената одлука 0202 - 353/20 од 28.05.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма програма „Бизнис администрација", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 628/1 од 13.07.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 21-та седницата одржана на 09.09.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 628/3 од 10.11.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 23 - та седница одржана на 19.10.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски